Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Сектор за соработка со локална самоуправа и управно надзорни работи
Sektori për Bashkëpunim me Vetëqeverisjen Lokale dhe Mbikëqyrjen Administrative
Одделение за соработка со локална самоуправа
Departamenti për Bashkëpunim me Vetëqeverisjen Lokale

Арх.бр: 18-7934/1
Дата: 25-12-2024

Врз основа на член 55 (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и член 57 (1) од Закон за управување со дополнителни текови на отпад („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 195/22) и Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

## Упатство
## за постапување на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со напуштени или отпадни возила во чекори

Општи одредби

Забранeто е оставање на отпадно возило во природа и јавни површини, како и расклопување и изведба на други зафати на отпадното возило, надвор од инсталации за наменети за таа цел.

Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на чијашто територија се наоѓа

Num. i ark:
Data:

Bazuar në nenin 55 (1) të Ligjit për organizimin dhe punën e organeve të administratës shtetërore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19, 110/19 dhe 121/24) dhe nenin 57 (1) të Ligjit për menaxhimin e rrjedhave shtesë të mbetjeve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 215/21 dhe 195/22) dhe Ligjit për menaxhimin e mbetjeve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 216/21), ministri i mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor miratoi

## Udhëzim
## për procedurat që duhet të ndjekin komunat, komunat në qytetin e Shkupit dhe qyteti i Shkupit për automjetet e braktisura ose të përdorura

Dispozita të Përgjithshme

Është e ndaluar lënia e një automjeti të përdorur në natyrë dhe në sipërfaqet publike, si dhe çmontimi dhe realizimi i veprimeve të tjera në lidhje me automjetin e përdorur, jashtë instalacioneve të destinuara për këtë qëllim.

Komunat, komunat në qytetin e Shkupit dhe qyteti i Shkupit, ku ndodhet një automjet i brakti-


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

напуштено возило или отпадно возило се одговорни за организирање на собирањето и третманот на напуштеното возило или отпадното возило, вклучувајќи ја и испораката до собирно место или инсталацијата за третман.

Собирно место за отпадни возила е објект или дел од објект уреден за примање и времено чување и складирање на отпадните возила, пред нивно предавање во инсталацијата за третман на отпадните возила

sur ose automjet i përdorur, janë përgjegjës për organizimin e grumbullimit dhe trajtimin e automjetit të braktisur ose automjetit të përdorur, duke përfshirë dërgimin e tij në një vend grumbullimi ose në një instalacion për trajtim.

Vend grumbullimi për automjetet e përdorura është një objekt ose pjesë e një objekti i cili është rregulluar për pranimin dhe ruajtjen e përkohshme të automjeteve të përdorura, përpara se ato të dorëzohen në një instalacion për trajtimin e automjeteve të përdorura.

**Чекор 1**

Идентификување со Записник за инспекциски надзор од страна на овластен инспектор за животна средина, комунален инспектор/редар, на отпадно возило односно возило чија што употребна функција престанала и кое крајниот корисник го исфрлил, има намера да го исфрли или од него се бара да го исфрли вклучувајќи ги и сите негови составни делови и материјали кои во моментот на исфрлање претставуваат дел од отпадно возило, кое се наоѓа во природа или на јавна површина.

**Hapi 1**

Identifikimi me një Akt Inspektimi nga një inspektor i autorizuar për mjedisin, inspektor komunal/rajon, të një automjeti të përdorur, përkatësisht automjetit që ka ndaluar së funksionuari dhe që është hedhur ose ka për qëllim të hidhet nga përdoruesi i fundit, përfshirë të gjitha pjesët dhe materialet e tij që, në momentin e hedhjes, janë pjesë e automjetit të përdorur, i cili ndodhet në natyrë ose në sipërfaqe publike.

**Чекор 2**

Овластениот инспектор за животна средина/комунален инспектор/редар, на отпадното возило остава налепница – Известување, со текст дека сопственикот на возилото веднаш е должен да го одјави своето возило кај органот што го регистрирал и во рок од 10 дена да го отстрани возилото од природата или јавната површина и за тоа да ја извести општината, во спротивно

**Hapi 2**

Inspektori i autorizuar për mjedisin/inspektori komunal/rajon, vendos një ngjitëse – Njoftim në automjetin e përdorur, me tekstin që i kërkon pronarit të automjetit ta regjistrojë menjëherë automjetin te autoriteti që e ka regjistruar dhe, brenda 10 ditësh, ta heqë automjetin nga natyra ose sipërfaqja publike dhe ta njoftojë komunën për këtë, ndryshe automjeti i përdorur do të hiqet nga komuna.

отпадното возило ќе биде отстрането во организација на општината.

**Чекор 3**

По истекот на рокот од 10 дена, доколку отпадното возило не е отстрането овластениот инспектор за животна средина носи Решение со кое изрекува опомена и определува дополнителен рок од 5 дена во кој сопственикот на возилото треба истото да го одјави и отстрани.

Овластениот инспектор за животна средина доставува известување до МВР дека е издадено Решение за одјавување и отстранување на отпадно возило.

Доколку станува збор за отпадно возило без регистрација веднаш се превзема активноста од чекорот 4 од ова Упатство.

**Hapi 3**

Pas skadimit të periudhës prej 10 ditësh, nëse automjeti i përdorur nuk është larguar, inspektori i autorizuar për mjedisin merr një Vendim me të cilin jep një paralajmërim dhe cakton një afat shtesë prej 5 ditësh për të detyruar pronarin e automjetit ta regjistrojë dhe ta heqë atë.

Inspektori i autorizuar për mjedisin dërgon një njoftim në Ministrinë e Brendshme (MPB) që është lëshuar një Vendim për regjistrimin dhe heqjen e automjetit të përdorur.

Nëse bëhet fjalë për një automjet të përdorur pa regjistrim, menjëherë merren masa nga Hapi 4 i këtij Udhëzimi.

**Чекор 4**

По истекот од 5 дена општината сама или преку Колективен постапувач со кој има склучено договор го превзема конкретното отпадно возило.

**Hapi 4**

Pas skadimit të periudhës prej 5 ditësh, komuna, vetë ose përmes një Operator Kolektiv me të cilin ka nënshkruar një kontratë, e merr automjetin përkatës të përdorur.

**Чекор 5**

Општината или колективниот постапувач на свој трошок го превзема отпадното возило и го преместува на место определено од општината како собирен центар за отпадни возила доколку општината има одредено такви места и/или кај Оператор на инсталација за третман на отпадни возила кој има потпишано договор со колективен постапувач согласно закон.

**Hapi 5**

Komuna ose operatori kolektiv merr automjetin e përdorur në kostot e veta dhe e transferon atë në një vend të përcaktuar nga komuna si një qendër grumbullimi për automjetet e përdorura, nëse komuna ka përcaktuar vende të tilla dhe/ose te një Operator i një instalacioni për trajtimin e automjeteve të përdorura, i cili ka nënshkruar një kontratë me operatorin kolektiv në përputhje me ligjin.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**Чекор 6**

Оператор на инсталација за третман на отпадни возила издава Потврда и ја доставува до Министество за животна средина и просторно планирање и до надлежен орган за регистрација на возила (МВР) и две копии му доставува на сопственикот односно општината.

**Hapi 6**

Operatori i instalacionit për trajtimin e automjeteve të përdorura lëshon një Certifikatë dhe e dërgon atë në Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor dhe në autoritetin kompetent për regjistrimin e automjeteve (MPB) dhe dy kopje i dërgon pronarit, përkatësisht komunës.

Со почит,

Me respekt,

**Министер/Ministër,**
**Izet Mexhiti**

Изработил: Тања Кироска Донски, Раководител на Одделение
Согласен: Тања Пауновска, Раководител на Сектор
Одобрил: Државен секретар, Resmi Ejupi

Согласен: Посебен советник, Nedim Rama
Посебен советник: Husamet Agushovski